Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 532 www.mchamber.mk 01.6.2023

# Избрано ново раководство на Советот на странски инвеститори при Комората






## РЕКТОР, КОЛКУ ТОА ГОРДО ЗВУЧИ...

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# ИСКУСТВА И ПРЕДИЗВИЦИ ОД ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНИТЕ ЗА ПОСЕБНИ ТЕКОВИ И УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД



Асоцијацијата за посебни текови на отпад при Стопанската комора на Северна Македонија, организираше дво дневна работилница со цел размена на искуства и предизвици со кои се соочуваат засегнатите страни за спроведување на законите од областа на управување со отпадот и проширената одговорност на производителот.

На настанот се обрати Филип Иванов претседател на Асоцијацијата кој што истакна дека ваквата соработка и усогласување меѓу различните актери во системот на управување со отпад е многу важна. Секој треба да биде одговорен во извршување на обврските, како производителите, така и потрошувачите доколку сакаме да се справиме со отпадот.

Според податоците од над 70 000 регистрирани компании само 1600 плаќаат надоместок за отпадот што го создаваат при производство на производите што ги пласираат на пазарот. Договорена е заедничка и координирана работа на Министерството, инспекциските служби, Царинската управа и Управа за јавни приходи за да се надминат аномалиите во функционирањето на системот во кој доколку секој ја исполнува својата обврската ќе се поттикне развојот на пазарните услови за работа од што сите ќе имаме бенефит и секако чиста животна средина.

„Сметам дека преку воспоставување на добра и отворена комуникација, размена на искуства и предизвици со кои се соочуваат сите чинители во процесот со управување

со отпад во спроведувањето на законите од областа и проширената одговорност на производителите ќе си помогнеме едни на други во поуспешна имплементација на законите и исполнување на националните цели за собирање на отпад“, истакна министерката за животна средина и просторно планирање Каја Шукова во воведното обраќање. Таа потенцираше дека Министерството има издржани планови и политики поткрепени со силен сет на еколошки регулативи во кои е предвидено преземање на акција во секоја фаза од производството и потрошувачката, но потребна е силна општествена одговорност и на производителите и на потрошувачите, промена на целокупниот концепт и пристап во областа при што ќе зборуваме за управување со ресурси, а не со отпад или ѓубре, но и усогласување и обезбедување на услови за секоја и најмала општина за селекција, собирање и рециклирање на отпадот.

На настанот присуствуваа деловните субјекти од дејноста, надлежните владини институции за воспоставување законска регулатива, инспекциските служби кои имаат обврска да ја следат примената на регулативата и локалните самоуправи кои се обврзани да ја имплементираат истата.





# ТЕМАТСКА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Во организација на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија и Стопанската комора на Северна Македонија, пред деловните субјекти кои работат во областа на Опрема и заштитни системи кои се наменети за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери, се организираше:

ТЕМАТСКА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА Опрема и заштитни системи кои се наменети за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери - стандардизација и регулатива

Воведни обраќање имаа претставникот од Стопанската Комора на Северна Македонија г-ѓа Сашка Велков и претставникот од ИСРСМ м-р Лилјана Хаџиевска-Антовска раководител на одделение за електротехника, Сектор за стандардизација.

Следеа последователни презентации за активностите и работните ангажмани на ИСРСМ како целина од м-р Лилјана Хаџиевска-Антовска, и презентација со особен акцент на активностите на ИСРСМ ТК1 од дипл. маш. инж Валентина Арсовска - советник во ИСРСМ.

Регулативата и Законодавна рамка за АТЕХ во Република Северна Македонија, практичната примена во фармацевтската индустрија и инспекцискиот надзор и контролата на ефикасноста на примарната противексплозивна заштита, беа презентирани од страна на дипл. елек. инж Фросина Сејзова Велкова, Раководител на инспекциско тело - Ех Изведба Инженеринг, дипл. пр. Адиса Фазлиоска, Раководител на одделение при Министерство за економија и м-р. Мартина Видеска Павлов, Сектор за инвестиции од АЛКАЛОИД АД Скопје.

Целта на реализација беше во согласност со Програмата за приближување на законодавство на Република Северна Македонија кон законодавството на Европската унија, и процесот на целосна транспозиција на Директивите од Новиот приод, односно важечката АТЕХ Директива 2014/34/EU.

# СРЕДБА СО НОВОИМЕНУВАНИОТ АМБАСАДОР НА КРАЛСТВОТО ТАЈЛАНД



Извршниот директор на Стопанската комора на Северна Македонија, м-р Анотни Пешев, денес во просториите на комората оствари работна средба со новоименуваниот амбасадор на Кралството Тајланд во Македонија, со седиште во Анкара, Н.Е Апират Сугондхабиром. Средбата се реализираше во рамките на неговата посета на Република Северна Македонија по повод врачувањето на акредитивните писма од страна на претседателот на Р. С. Македонија, Стево Пендаровски.

Извршниот директор Пешев, му посака добредојде на новиот амбасадор претставувајќи ја работата и залагањата на Стопанската комора во однос на креирање поволна бизнис атмосфера и услови за раст и развој на домашната економија, особено во делот на енергетиката, обновливите извори на енергија, ИКТ секторот, земјоделието и др.

Тој напомена дека иако Кралството Тајланд е на голема географска оддалеченост и е недоволно познат пазар за компаниите од земјава но и од регионот, сепак можности за плодна соработка постојат, особено на економски план. Затоа, потребно е да се работи на рушење на постојните бариери и создавање атмосфера за соработка. Постои голем потенцијал за поврзување на бизнис секторите особено во делот на производство на обновливи извори на енергија и складирање на произведената енергија од фотоволтаици, како и соработка во делот на земјоделието односно производството на природни ѓубрива и користењето на истите во земјата и регионот.

Амбасадор Сугондхабиром посочи дека уште од воспоставувањето на дипломатските односи меѓу Кралството Тајланд и Северна Македонија во 2005 година, односите меѓу двете земји се на високо ниво но и дека постои волја за дополнително јакнење на врските меѓу владиниот, а особено бизнис секторот.

Тој истакна дека во Комората гледа партнер во идните напори за промовирање на двонасочната трговија и инвестиции. Со заедничка соработка ќе се изнајдат начини за охрабрување на приватните сектори од двете страни да ги зајакнат меѓусебните деловни контакти и да ги промовираат севкупните можности за градење на подобри партнерства, што би довело до раст на потенцијалот на трговско-економските врски меѓу двете земји- додаде амбасадорот. Соработката меѓу двете земји дополнително може да се зајакне и преку ТОББ-Трговско-индустриската комора на Турција, со којашто и амбасадата и комората веќе имаат воспоставено долгогодишна соработка.



# ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА НЕТО ПЛАТИТЕ, ВО ПРВОТО ТРОМЕСЕЧИЕ ОД ГОДИНАТА, ЕКСТРЕМНО НАМАЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРЕНИ И ИЗВРШЕНИ РАБОТИ ВО СЕКТОРОТ ГРАДЕЖНИШТВО



На редовната седница на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите една од темите отворени за дискусија беше моменталниот преглед на состојбите на градежништвото.

Согласно податоците од првиот квартал од 2023 година на Државниот завод за статистика кои се од јавен карактер, може да се увиди дека во градежништвото како сектор продолжува константноста на трендот на покачување на платите за вработените, и покрај тоа има екстремно намамлување на договорените и извршени работи во секторот.

„Неминовно е дека ние како фела, се придржуваме кон законските регулативи и продолжуваме позитивно да влијаеме врз работната атмосферата да ги задржиме работниците овде„ истакна претседателот на здружението Андреа Серафимовски.

Присутните констатираа дека она што загрижува моментално се измените на Законот за облигациони односи како и Законот за Извршување, разноличноста на поставувањето на условите во јавните набавки, а сето тоа се одразува врз целокупниот деловен амбиент на компаниите.

На седницата беа избрани и нов член на Управниот одбор на Здружението, г-ди Агрон Нухиу главен и извршен директор на компанијата АК Инвест, како и претставник на Здружението во Собранието на Стопанската комора на Северна македонија, д-р Илијос Вилос кој е проф. д-р на Техничкиот факултет во Битола кој своето искуство и знаење несебично ги споделува и во реалниот сектор.

Здружението за градежништво, индустрија на градежни материјали и неметали упати огромна благодарност на претставниците од „ДГ Бетон„ Скопје за досегашниот придонес и остварените резултати во работењето, како во Управниот одбор на Здружението, така и во Собранието на Стопанската комора на Северна Македонија.

# РЕКТОР, КОЛКУ ТОА ГОРДО ЗВУЧИ...

**Може ли изборот на ректор на еден од универзитетите да биде почеток на промените во државата?**



Утре, најстариот универзитет кај нас „Св. Кирил и Методиј" ќе добие нов ректор. Секогаш сум бил приврзаник на идејата дека треба да се развива институцијата, но морам да кажам дека за тоа, најголемо значење има поединецот. Тоа е корелација која мора да функционира беспрекорно. Балансирањето на тие две работи ја определува успешноста на самата институција. Ако се земе фактот дека најголемите човечки ресурси во образованието и науката се наоѓаат токму на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", јасно е, дека изборот на прв човек е многу важно прашање.

Зошто?

1. Создавањето кадар за потребите на бизнисот ќе биде доминантна тема и врвен приоритет на Стопанската комора на Северна Македонија како најстара и најбројна бизнис заедница во наредните 10 години, и од тој аспект овој универзитет за македонскиот бизнис е значаен.
2. Проектот Европска мрежа на бизнис можности - ЕЕН (Enterprise Europe Network) како најголема мрежа во светот за поддршка на бизнисот и воспоставување партнерства е првиот и најзначаен, најдолговечен проект со кој започнаа проектните активности на Комората со ЕУ. Денеска Комората, 40% од своите приходи ги остварува токму од проектните активности. ЕЕН е проект со единствена цел да им помогне и на малите и на средните компании од Северна Македонија деловно да соработуваат со своите партнери од ЕУ и пошироко и да ги искористат можностите што ги нуди европскиот пазар.



3. Со универзитетот секогаш сме имале беспрекорна соработка, взаемно почитување и разбирање кое сакаме да продолжи и понатака.
4. Моите родители, јас и мојата сопруга, моите деца се дипломци на овој универзитет, а тоа, и како човек, и како претседател на СКСМ буди позитивни чувства.
5. Ја гледав на телевизија дебатата на кандидатите за ректор и за мене, особено значајно е, што најголем дел од кандидатите прозбореа токму за таа врска помеѓу универзитетот и бизнисот, што е значаен напредок и го ценам како позитивен момент.

Утре, токму заради сето ова, посакувам да биде избран најдобриот. Тој ќе биде оној кој што ќе ја надмине својата суета и ќе ги прифати најдобрите програмски определби од своите против кандидати, но кои ќе бидат во согласност со општите определби за развој на државата. Нашите актуелни состојби зборуваат дека се наоѓаме на сериозен крстопат на кој треба да се одлучиме каде ќе одиме. Комората веќе ја донесе својата одлука. Ние бараме да се напуштат партиските приоритети и да се бориме за државните. Декларацијата што ја донесовме на 100-годишната од своето постоење јасно кажува дека евроатланските цели мора да се остварат само со доминација на државните интереси. Треба да престанеме да бараме причини, да го губиме непотребно време во расправии и да тргнеме по патот на практичноста преку која се гради државата. Ние ќе изградиме држава само ако изградиме силен коректив на власта, а за тоа е потребно да имаме силен бизнис, јак образовен систем во универзитетите и во МАНУ, професионални медиуми и значаен невладин сектор.

ПС: Што е мојата порака?

За да не биде Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" „искомплексиран" од Шангајската листа потребно е да се направи промена на најмалку четири работи:

Прво, да се напушти принципот на финасирање според број на студенти, а да се воведе принципот на квалитет на произведените кадри и да се намали времето за чекање работа на дипломираните студенти, затоа што заостануваме во споредба со останатите европски земји.

Второ, да се намали експанзијата на студиски програми без соодветна анализа на потребите на пазарот на трудот и на капацитетите за нивна реализација.

Трето, задолжително едуцирање на студентите со практична настава во текот на студиската година.

Четврто, проектните активности на Универзитетот мора во себе да ги вклучуваат и студентите, а не само наставниот кадар како досега (суштински, а не формално).

# Избрано ново раководство на Советот на странски инвеститори при Комората



Во насока на зајакнување на кадровските капацитети и унапредување на активностите за поддршка на странските инвеститори во земјава, на пленарна седница на Собранието на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Северна Македонија, одржана на 29.05.2023 година, избра ново раководство кое ќе води Советот во мандатен период од две години.

На седницата во присуство на над 40 компании – членки на Советот, за претседател е избран Виктор Мизо од Костал Македонија, додека Никола Љушев од Македонски Телеком и Волфганг Мајер од ЕВН Македонија се избрани за потпретседатели, генерални директори и искусни менаџери во едни од најреномираните компании во нашата земја.

Во насока на поефикасно претставување и застапување на странските инвеститори во земјава, организирани во Советот на странски инвеститори, согласно Правилата за работа и организација на Советот, избран е и нов состав на Управниот одбор, кој брои 12 члена, со што се обезбедува покриеност на компании со странски капитал од повеќе различни сектори.



Како и досега и во наредниот период, приоритет на новото раководство ќе биде Советот да земе активно учество во процесите за создавање подобро деловно опкружување и подобрување на условите за водење бизнис во земјата преку предлагање мерки и препораки за креирање на најдобри можни решенија кои ќе донесат одржлив и побрз економски развој, но и за поголема атрактивност на земјава за задржување на постојните и привлекување нови инвеститори.

Динамичната промена на економските околности и на условите на стопанисување, непосредно влијаат и на динамиката на активностите на Советот на странски инвеститори. Во таа насока, перманентното и континуираното следење и анализирање на економските состојби во земјата, врз основа на што ќе се преземаат и предлагаат и мерки за подобрување на инвестициската и деловната клима во земјата и натаму ќе претставува една од приоритетните активности на новото раководство на Советот на странски инвеститори во наредниот период, како дел од неговите стратешки определби за функционално делување.

Во текот на седницата, извршниот директор на Советот на странски инвеститори на Србија, Александар Љубиќ, одржа презентација со која ги запозна присутните со различниот опсег на услуги што ги нудат на своите членови, при што го елаборираше нивното искуство како овие услуги ја олеснуваат соработката со државните институции, воспоставениот метод на комуникација со Владата, ефективноста на усвојувањето на препораките од Белата книга, нивниот пристап за создавање позитивно влијание во општеството и препознатливост како релевантен партнер во подобрувањето на деловната клима во земјата.

Во име на Комората и Советот на странски инвеститори, се изрази благодарност и признание за неизмерниот придонес и остварените резултати во работењето на досегашниот претседател на Советот, г. Штефан Петер, со искрени желби за остварување нови професионални успеси во неговите идни работни ангажмани.



СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Тренинг обука
06.06.2023 -
07.06.2023

## Дводневна тренинг-програма на тема: ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ: ПАТ КОН РЕГИОНАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА

Брзиот технолошки развој и продор на информациско-комуникациските технологии преку процесите на дигитална трансформација несомнено наметнуваат потреба од приспособување на деловните процеси и прифаќање на дигитализацијата во компаниите во насока на задржување на конкурентноста и подигнување на ефикасноста во работењето.

Во насока на подигнување на капацитетите на високо образовните кадри во македонските компании, Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања при Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Коморскиот инвестициски форум на шесте земји од Западен Балкан, за потребите на бизнис заедницата, на 6 и 7 јуни 2023 година организира тренинг-програма на тема: „Дигитална трансформација за македонските компании: Пат кон регионална интеграција“. Програмата се организира во рамки на проектот „Поддршка од ЕУ за Коморскиот инвестициски форум на шесте земји од Западен Балкан“ финансиран од Европската Унија.

Цел на програмата:
Програмата има за цел да ги подготви претставниците на компаниите со знаења и вештини неопходни за успешно совладување на предизвиците кон патот на дигиталната трансформација. Учесниците на Програмата ќе имаат можност да добијат значајни информации кои ќе им овозможат интеграција на македонските компании во регионалното дигитално подрачје на Западен Балкан и нивно унапредување во интеграцијата кон пан-европскиот дигитален пазар.

Контакт лица:
м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk



Саем
08.06.2023 -
09.06.2023

## Покана за Б2Б средби на тема: „ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА“ 8 - 9 јуни 2023 година, Солун, Грција

По повод првата саемска изложба и конгресен настан Forward Green ( FG Expo ), Федерацијата на индустрии на Грција (SBE) во соработка со Стопанската комора на Северна Македонија, во рамки на Enterprise Europe Network, заедно со TIF HELEXPO SA организираат настан за натпревари од 08 – 10 јуни 2023 година, во салонот TIF-HELEXPO во Солун, Грција.

Овој B2B настан има за цел да придонесе за имплементација на нов претприемачки дух за Грција, заснован на циркуларна економија, зелен развој и трансформација на бизнис модели со цел да се зачуваат природните ресурси и да се придвижат кон одржлив развој. Овој нов пристап кон економијата се однесува на голем број процеси кои бараат планирање, а започнува со употреба на суровини и води сè до производство, дистрибуција, потрошувачка и рециклирање на потрошените производи, така што најмала количина на отпадот завршува во околината.

Билатералните средби ќе се одржат во првиот и вториот ден од 3-дневната изложба (08 - 10 јуни 2023 година) за најдобра можна организација, со цел да се добие максимална вредност и резултати во најефикасен временски рок.

Покрај b2b состаноците што ќе се организираат, учесниците ќе имаат можност да ги искористат предностите од присуството на различни специјални настани организирани паралелно со изложбата, со фокус на зеленото претприемништво и иновациите.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

**Семинар 15.06.2023**

# ЛИДЕРСКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЕФЕКТИВНИ ТИМОВИ

Цел на оваа обука е да ја демонстрира клучната разлика помеѓу традиционалниот менаџмент и инспирационото лидерство. Учесниците на оваа обука ќе имаат можност да се запознаат со важни аспекти од организациониот живот вклучувајќи ги темите како карактеристики на ефективни тимови, стилови на лидерство, вештини за ефикасна комуникација, како и важноста на алтруизмот и емпатијата за управување со вработените.

Од оваа обука ќе научите:

- Клучни разлики помеѓу менаџирање и лидерство;
- Каков лидерски стил да користите во зависност од тимот;
- Како ефективно се делегира;
- Важност на ефикасна и веродостојна комуникација на работно место;
- Како да комуницирате со вработени со различни комуникациски стилови;
- Како се гради високо ефективен тим.

За сите учесници на обуката ќе биде обезбедено:

- упатства за приклучување на „онлајн"-обука;
- материјали во електронска верзија и
- е-сертификат за учество на обуката.

Обучувач:

Наташа Алексовска - Основач и деловен консултант во Вивендум Ратио Солушнс. Професионалец со повеќе од 18 години искуство во областа на човечки ресурси, предавач во повеќе Центри за обука и развој со над 150 одржани обуки и програми за професионален развој на преку 1650 вработени од сите хиерархиски нивоа.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 20.06.2023**

# ЕКСЕЛ ЗА ФИНАНСИИ И ИНВЕСТИЦИИ

Целта на онлајн семинарот е запознавање и практична работа со вградените Ексел функции за финансии и нивна примена за анализа на вложувањата, кредитите и инвестиционите проекти. Покрај вградените функции, ќе се применуваат и формули со кои се анализираат финансиските текови.

На онлајн семинарот ќе се обработуваат најважните Ексел функции за луѓето кои работатат во финансискиот сектор. Тука се мисли на најважните функции од финансиската математика и алатките за планирање, евалуација и изработка на алтернативни сценарија за инвестирање во реални проекти.

Посебен осврт се става на алатките за проценка на временската вредност на парите (идна и сегашна вредност на единечни суми, идна и сегашна вредност на ануитети, амортизација на заеми). Потоа ќе следи примената и калкулацијата на соодветни економски показатели: нето сегашна вредност на инвестициите, стапка на профитабилност, интерна стапка на рентабилност и период на враќање, дисконтиран готовински тек), со цел да се максимизираат ефектите и да се минимизира ризикот од вложувањата. На семинарот ќе се обработат и методите за оценка на ризикот како што е стандардна девијација, како и CAPM моделот за вреднување на инвестициите.

Во рамките на семинарот ќе се обработува студија на случај на планирање и вреднување на реална инвестиција од мал бизнис, со примена на критериумот на нето сегашната вредност (NPV – net present value) и интерната стапка на рентабилност (IRR-Internal Rate of Return).

Овој семинар обезбедува рамка за проценка на економската и финансиската ефикасност на инвестициите. Оваа рамка се состои од користење на напредни Ексел алатки – со кои може да се утврди оправданоста за реализација на проектот преку создавање на информациски систем за инвестициона анализа.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Семинар 23.06.2023**

# РАЗВОЈ И ПРИМЕНА НА ЕМОЦИОНАЛНА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

Оваа обука јасно го дефинира концептот на емоционална интелигенција, објаснува колку е клучна за приватниот и професионалниот развој и дава практични решенија и алатки како учесниците да ги применат знаењата во секојдневниот живот а со тоа да ја подобрат својата лична самодоверба како и професионалниот успех.

Емоционална интелигенција претставува збир од способности и вештини кои определуваат колку успешно ќе управуваме со личниот живот и нашата способност да ги разбереме луѓето околу нас, како да комуницираме и соработуваме успешно со нив.

Во денешната комплексна и променлива средина, техничката експертиза или специјалистичко знаење за извршување на работните задачи не е повеќе доволно за успех. Секојневно сме соочени со нови и зголемени барања на работните места, повеќе притисок и стрес и потреба од поголема комуникација со другите за што е потребно да бидеме проактивни, отворени во пристап и соработка со другите, да знаеме како да управуваме со нашата продуктивност, меѓусебните односи и луѓето со кои сме опкружени.

Здобиените способности и вештини кои произлегуваат од емоционалната интелигенција на учесниците ќе им овозможат полесно справување и проактивност во управување со промените во приватниот и професионалниот живот и ќе им даде можност за развој на перспектива и самодоверба за управување со личните и емоции како и очекувањата и емоциите на луѓето со кои се опкружени.

За кого е наменета

- Менаџери на сите нивоа во организација, вработени кои имаат аспирации за раководна позиција, вработени кои согласно систем за управување со таленти се идентификувани за идни раководни позиции;
- Вработени и индивидуалци кои сакаат да ги подобрат своите можности за развој на кариера и продуктивно управување со личниот живот преку развој на емоционална интелигенција;
- Сите индивидуи кои сакаат да ги развијат своите лидерски вештини.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 27.06.2023**

# EXCEL SALES' DATA ANALYSIS-ДАТА АНАЛИЗА НА ПРОДАЖБА

Ексел алатките спаѓаат во најважните алатки во деловното планирање, микроекономската анализа и носењето на одлуки за подобрување на перформансите на продажбата на компаниите.

На онлајн семинарот ќе се обработуваат 10 начини за анализа на податоците за продажба на компанијата со користење на Ексел. На тренингот ќе се користат и 7 различни техники за анализа!

Анализата ќе се прави со дескриптивна статистика, потоа со користење на Екселот ќе следува објаснувачка анализа на податоци (Exploratory Data Analysis- EDA), како и користење на специфични Ексел формули за анализа на продажбата.

За анализа ќе се користат и пивот табели за анализа на продажбата, потоа ќе се прави комбинирање на податоците од различни бази и примена на Power Pivot алатките. Ова ќе овозможи создавање на консолидирани извештаи.

На онлајн-семинарот ќе се прикаже и техниката на одговарање на Open-ended questions неопходни за донесување на менаџерски одлуки поврзани со продажбата.

Анализата ќе опфати анализа на аномалии во продажбата, откривање на екстремни вредности и сл.

На крај ќе се обработат начини за презентирање на анализите, преку табели, графикони и примена на правила (conditional formatting).

Во свет во кој сме постојано опкружени со податоци, бројки, трендови и статистики, неопходно е да ги разбираме и да бидеме способни да ги користиме Ексел алатките за носење на деловни одлуки.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ISO 9001:2015

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100

*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088